Виолета АРНАУДОВА

**УДК: 177-61**

# ВЛИЈАНИЕ НА ТИПОТ НА АФЕКТИВНА ВРЗАНОСТ И ПОЛОТ НА ЛИЧНОСТА ВРЗ ФОРМИРАЊЕТО НА ПРЕТСТАВИ ЗА ЉУБОВТА*

***Кратка содржина***

*Во трудот се презентирани сознанија добиени од истражување спроведено со цел да се утврди дали постојат значајни разлики во застапеноста на погрешни претстави (заблуди) за љубовта кај испитаници со различни типови на афективна врзаност, и дали постојат значајни разлики во застапеноста на овие претстави во зависност од полот. Истражувањето е спроведено на 122 испитаници (68 од женски и 54 од машки пол), на возраст од 18 до 27 години – студенти на Филозофскиот факултет. На испитаниците им е зададен „Прашалник за процена на партнерската афективна врзаност“, од Бартоломеј и Шејвер и „Тестот на комплексност на претстави за вистинската партнерска љубов“, чиј автор е Миливојевиќ. Добиените резултати покажаа дека не постојат значајни разлики во комплексноста на претставите кај различни типови на афективна врзаност на студентите. Застапеноста на погрешни претстави за љубовта не се разликува значајно кај сигурниот и кај несигурните типови на афективно врзување. Меѓу припадниците од машкиот и женскиот пол не постојат значајни разлики во застапеноста на погрешни претстави (заблуди) за љубовта.*

**Клучни зборови**: *ПРЕТСТАВИ ЗА ЉУБОВ, АФЕКТИВНА ВРЗАНОСТ, ПЛАШЛИВ ТИП, ИЗБЕГНУВАЧКИ ТИП, СИГУРЕН ТИП, ПРЕОКУПИРАН ТИП.*

Очекувањата и верувањата што луѓето ги создаваат за себе и за другите се дефинирани од квалитетот на раните афективни врски. Овие очекувања и верувања, како и интернализираните слики за себе и за другите посредно учествуваат во формирањето на претставата за љубовта. Затоа, можеме да очекуваме дека искуствата

---

* Трудот е базиран на резултати добиени од Весна Панева при подготовка на дипломскиот труд „*Зависност на претставите за љубов од типовите на афективна врзаност кај студенти од Филозофскиот факултет*“ под менторство на авторот на овој труд.

кои довеле до тоа личноста да развие одреден тип на однесување кога станува збор за емотивните врски, ќе имаат влијание и во формирањето и одржувањето на одредена претстава за љубовта. Ова истражување претставува обид да се разгледа од поблиску оваа сложена интеракција и да се провери дали изградениот стил на афективно врзување кај личноста значајно го одредува квалитетот на претставата за љубов.

Теоретската основа на ова истражување ја сочинуваат теоријата на афективна врзаност и трансакционата анализа. Овие теории се базираат на претпоставката дека нашата личност и карактер во возрасниот период се определени непосредно и најчесто несвесно од искуствата што сме ги имале во првите години од животот. Клучно значење во објаснувањето на афективната врзаност има концептот на „внатрешен работен модел". Овој концепт пред сè, се користи за објаснување на процесот на трансформирање на афективната врзаност од релационо во индивидуално својство.

Болби претпоставува дека во својата почетна форма, овој модел се јавува при крајот на раното детство низ интеракцијата на детето со мајката. Неговата функција е регулирање, интерпретирање и предвидување на мислите, чувствата и однесувањето како на самата единка, така и на лицата за кои таа се врзува (според Stefanović -Stanojević, 2005).

Во возрасниот период постои тенденција обрасците на афективно врзување стекнати во детството да се пренесуваат на емотивните партнери. Во обидот да се интегрираат богатите и разновидни сознанија за афективната врзаност кај возрасните, настанува **концепцијата за партнерските љубовни врски** од Ким Бартоломеј.

Во 1990 година, Ким Бартоломеј од Универзитетот во Канада (Simon Fraser University, Burnaby), формулирала четирикатегоријален модел на афективна врзаност кај адолесцентите и возрасните. Овој модел се базира на претпоставката на Болби за постоењето на два внатрешни работни модели – „модел за себе" и „модел за други" и претпоставката дека секој од тие модели може да се претстави дихотомен како позитивен или негативен.

Со факторска анализа, Бартоломеј издвојува две димензии кои се во основа на овие модели: „избегнување" и „анксиозност". Димензијата ***„избегнување"*** се однесува на способноста или неспособноста за блискост со други лица. Оваа биполарна димензија, која на едниот крај има прифаќање а на другиот отфрлување на блискоста е репре-

зент на „*моделот за други*". Димензијата „***анксиозност***" е репрезент за „*моделот за себе*", и таа може да варира меѓу две крајности – висока и ниска анксиозност.

Со вкрстување на димензиите од двата модели, се добиваат четирите главни типови на афективна врзаност: сигурен, преокупиран, плашлив и избегнувачки .

***Сигурниот тип на афективно врзување*** е одреден од позитивниот модел за себе (ниска анксиозност) и позитивниот модел за други (ниско избегнување). Лицата со ваков образец на афективно врзување се карактеризираат со чувство на лична вредност и пријатност поради остварената емотивна блискост. Тие се топли и допадливи, отворено ги искажуваат и позитивните и негативните емоции, имаат способност да воспостават рамнотежа помеѓу потребата за припаѓање и потребата за автономија. Нивните партнерски врски се одликуваат со доверба и спремност за отварање кон партнерот. Способни се реалистично да ги проценуваат своите минати и сегашни врски, а кога се соочени со конфликтна ситуација, заземаат конструктивен став и користат различни стратегии за нејзино надминување.

***Избегнувачкиот тип на афективно врзување*** се карактеризира со позитивен модел за себе и негативен модел за другите (ниска анксиозност и високо избегнување). Позитивната слика за себе, придружувана од негативната слика за другите доведува до тоа овие личности да се перцепираат себеси како супериорни и над другите. Тие оставаат впечаток на ладни, рационални и неемотивни луѓе. Кога се соочени со проблем, се оградуваат од своите емоции и не се обраќаат за помош кај пријателите. Често ја негираат вредноста на блиските односи и го нагласуваат значењето на независноста, затворени се и немаат многу пријатели. Иако своите пријателства ги опишуваат како „добри", тие се најчесто базирани на взаемен интерес. Партнерските врски кои лицата со овој стил на афективно врзување ги остваруваат се ретки и без очекувања или пак, чести но површни. Во врската не ги искажуваат своите емоции, ги избегнуваат конфликтите и не се отворени кон партнерот.

***Преокупираниот тип на афективно врзување*** е дефиниран од постоењето на негативен модел за себе (висока анксиозност) и позитивен модел за други (ниско избегнување). Кај овие личности постои длабоко всадено чувство дека не се доволно вредни, па имаат ниска самодоверба и во односите со другите бараат големо внимание кое ќе ја потврди нивната вредност. Чувствата ги искажуваат отво-

рено, при што се претерано експресивни и драматични. Пријателствата им се многу важни, но поради високите барања кои ги поставуваат, со нив се често во конфликт или се чувствуваат како да не се доволно сакани и почитувани. Често претерано инвестираат во партнерскиот однос, очекувајќи потврда за својата сопствена вредност. „Преокупираните" често кон партнерот развиваат однос на зависност. Во врската се доминантни, се трудат да го „поправат" и контролираат партнерот, поставуваат високи барања, љубоморни се и посесивни.

***Плашливиот тип на афективно врзување*** определен е од негативниот модел за себе и негативниот модел за други (висока анксиозност и високо избегнување). Тие се несигурни, ранливи и со ниска самодоверба. Се грижат дека не оставаат добар впечаток, дека не се вклопуваат во друштво и сл. Пречувствителни се на отфрлање и честопати се многу осамени. Имаат мал број блиски пријатели и потребно им е долго време за да воспостават пријателски однос. Во партнерските врски се несигурни, пасивни и тешко ги искажуваат чувствата кон партнерот. Ги избегнуваат конфликтите и за проблемите во врската најчесто се обвинуваат себеси. Нивните партнерски врски не се чести, но кога еднаш ќе формираат врска, тешко ја прекинуваат бидејќи се плашат од тоа дека нема никогаш да најдат соодветен партнер (www.sfu.ca /psyc/ faculty/ bartholomew/ prototypes/htm).

При влегувањето во емотивна врска, секој човек се раководи, не според некоја општа дефиниција или универзално правило, туку според сопствената претстава за љубовта. Оваа претстава, е всушност збир на верувања за тоа „што е љубовта". Значи, кога некој зборува за тоа што е љубов или како љубовта би требало да изгледа, тој всушност ја опишува сопствената претстава за љубовта.

Значењето на претставите што ги имаме за љубовта, се состои во тоа што тие го определуваат однесувањето кое се манифестира кон партнерот, но и се основа за проценување на однесувањето на партнерот кон нас. Имено, кога субјектот сака, тој се обидува преку сопственото однесување да ја оживее, да ја спроведе во реалност, претставата што ја има за љубовта; кога е сакан пак, се обидува да го насочи партнерот да се однесува на начин кој ќе биде во склоп со сопствената претстава, зошто само така субјектот ќе знае дека е навистина сакан (Milivojević, 2004). Така, секој од партнерите се обидува да ја оствари сопствената претстава за љубовта, па спротив-

ставеноста на претставите лесно може да прерасне во „љубовна борба". Бидејќи претставите за љубовта се многу ригидни когнитивни структури, исходот во овој судир, ретко е компромис, а почесто трагично недоразбирање: иако партнерите, во суштина се сакаат, тие се цврсто убедени дека оној другиот не ги сака, затоа што не се однесува онака како што тие самите очекуваат дека треба да се однесува.

Претставите за љубовта се формираат во детството и младоста, кога личноста нема доволно животно искуство и не е когнитивно зрела. Поради тоа, првите љубовни односи се драматични судири помеѓу претставата за реалноста, односно љубовта која се бара и самата реалност односно, љубовта која се добива.

Иако теоријата на партнерското афективно врзување е суштински дел на теоријата на афективна врзаност, емпириските истражувања во оваа област почнуваат да се спроведуваат дури во текот на осумдесетите години на минатиот век (Rubinstein&Shaver, 1982; Shaver&Hazan, 1987; Weiss, 1973; Lee, 1988; Sternberg, 1990).

Поврзаноста помеѓу раните обрасци на афективното врзување и партнерската афективна врзаност е истражувана од Хазан и Шејвер (Hazan&Shaver, 1987; според Stefanović-Stanojević, 2005). За утврдување на партнерската афективна врзаност, тие користеле тест на принуден избор (Attachment Style Prototype, ASP), во кој од испитаникот се бара да се определи за еден од трите описи на однесување во партнерската врска, кој најдобро го опишува неговото однесување. Резултатите покажале дека зачестеноста на трите стила на афективно врзување кај возрасните е слична со нивната зачестеност кај децата – нешто повеќе од половина од испитаниците се опишале како сигурни. Исто така, резултатите укажуваат на поврзаност помеѓу стилот на партнерското врзување кај испитаниците и стилот на афективната врзаност користен во детството.

Значењето на ова истражување е во тоа што го разбудило интересот на психолозите за истражување на оваа област и поттикнало конструирање на поголем број и поусовршени мерни инструменти.

Интересно истражување е спроведено од Гордана Никиќ, во склоп на Магистерскиот труд при одделението за психологија на Филозофскиот факултет во Белград. Целта на ова истражување е идентификување на четирите стилови на афективна врзаност, дефинирани според моделот на Ким Бартоломеј, како и испитување на можната поврзаност помеѓу овие стилови и стиловите на љубовни

врски определени според теорискиот модел на Ли како: eros, ludos, storx, manija, pragma и agape. Истражувањето е спроведено на примерок од 280 белградски студенти, на возраст од 21 до 27 години. За процена на стиловите на афективната врзаност е користена „Скала на искуства во блиските односи" (Brennan, Clark, Shaver, 1998), а за процена на љубовните стилови е користен прашалникот "Ставови за љубовта" (Hendrick&Hendrick, 1984). Резултатите од ова истражување го потврдуваат постоењето на четири стила на афективна врзаност меѓу студентите, при што сигурниот стил е нешто позастапен во споредба со другите. Интересен е фактот дека добиените резултати укажуваат на постоење на полови разлики во застапеноста на стиловите. Девојките, имено, почесто градат плашливи врски, додека момчињата пак, повеќе прибегнуваат кон избегнувачкиот стил на афективно врзување.

Во однос на поврзаноста на типовите на афективна врзаност со љубовните стилови, добиени се следниве резултати: кај сигурните и преокупираните, почест љубовен стил е erosot, а кај избегнувачките и плашливите позастапен е стилот „ludos". Поголема тенденција кон формирање на манични и прагматични љубовни врски имаат лицата со плашлив или преокупиран стил на афективно врзување, а стилот „agape" најчесто се среќава кај „преокупираните". Девојките почесто склопуваат прагматични и манични врски, додека машките го преферираат стилот „agape" (Nikić, според Stefanović-Stanojević, 2005).

Поврзаноста помеѓу различните типови на афективна врзаност и карактеристичните претстави за љубовта е предмет на истражување во трудот на Ѓорѓевиќ (Đorđević, 2004). За процена на двете варијабли се користени „Прашалникот за процена на партнерска афективна врзаност" (Bartholomew&Shaver, 1988) и „Тест на комплексност на претстави", ТКП (Milivojević, 2005). Истражувањето е спроведено на 120 студенти на возраст од 19 до 26 години, со подеднаков број машки и женски субјекти. Добиени се статистички значајни разлики во застапеноста на погрешни претстави за љубовта кај различните типови на афективна врзаност. Споредбата на аритметичките средини укажува на најголема застапеност на погрешни претстави кај категоријата „преокупирани", а релативно ниски кај категориите „сигурни" и „плашливи". Во истражувањето не се утврдени значајни разлики во застапеноста на заблудите за љубовта помеѓу половите.

## Проблем

Основен проблем на ова истражување е да се утврдат карактеристичните претстави за љубовта за различни типови на афективна врзаност кај студенти од различен пол од Филозофскиот факултет во Скопје. Со овој проблем поврзани се следниве прашања:

1. Дали постојат разлики во комплексноста на претставите кај различните типови на афективна врзаност?
2. Дали кај личности со сигурен тип на афективна врзаност се присутни помал број на погрешни претстави (заблуди) за љубовта?
3. Дали постои поврзаност помеѓу полот и застапеноста на погрешни претстави за љубовта?

## Хипотези

Во обидот да се одговори на поставениот проблем, поставени се две истражувачки хипотези:

1. Постојат разлики во комплексноста на претставите за љубовта кај студентите со различен тип на афективна врзаност.
2. Постои разлика во застапеноста на погрешни претстави за љубовта кај студентите од машки и женски пол.

## Варијабли

**Афективна врзаност** Врз основа на резултатите постигнати на димензиите анксиозност и избегнување се добиваат показатели за доминантниот тип на афективна врзаност: преокупирани, плашливи, сигурни и избегнувачки (Stefanovi-Stanojevi, 2005; стр. 174).

**Претставите за партнерска љубов**– се своевидни заблуди или погрешни претстави за љубовта. Тие се определуваат врз основа на бројот на тврдења (заблуди) со кои испитаникот се согласува. Присуството на помалку од седум заблуди укажува на здрав став кон љубовта, додека присуство на повеќе од петнаесет укажува на искривена слика за љубовта и потреба од преиспитување на својот систем на убедувања во однос на љубовта.

## МЕТОД

Истражувањето е спроведено на пригоден **примерок** од 122 испитаници-студенти од прва година на Филозофскиот факултет во Скопје (68 од женски и 54 од машки пол; 70 – студенти од Институтот за психологија, а 52 – студенти од Институтот за историја).

За утврдување на афективната врзаност е применет **Прашалник за процена на партнерската афективна врзаност**, конструиран од Бартоломеј и Шејвер (Close Relationship Questionnaire; Bartholomew&Shaver, 1988). Тој се состои од 36 тврдења за кои на седумстепена скала испитаникот проценува во која мера искажаното тврдење се однесува на него. Половина од тврдењата се однесуваат на димензијата „анксиозност“, а половина на димензијата „избегнување“.

За процена на комплексноста на претставите за љубовта е применет **Тест за комплексност на претставите за вистинската партнерска љубов**, конструиран од Зоран Миливојевиќ (Milivojević, 2005). Тестот се состои од 40 тврдења, кои сфатени буквално, претставуваат своевидни заблуди или погрешни претстави за љубовта. Во однос на нив, испитаникот треба да ја процени сопствената согласност на петостепена скала. Комплексноста на претставите за љубовта се определува врз основа на бројот на тврдења (заблуди) со кои испитаникот се согласува. Нормите кои авторот на овој тест ги нуди, произлегуваат од неговите сопствени истражувања.

## РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

### РАЗЛИКИ ВО КОМПЛЕКСНОСТА НА ПРЕТСТАВИТЕ КАЈ РАЗЛИЧНИТЕ ТИПОВИ НА АФЕКТИВНА ВРЗАНОСТ

Во Табела 1 се прикажани дескриптивните статистички показатели на застапеноста на заблудите за љубовта кај испитаниците со различни стилови на афективна врзаност. За секој од четирите обрасци е пресметана аритметичка средина (M) и стандардно отстапување (SD) за застапеноста на погрешни претстави за љубовта.

**Табела 1.** *Дескриптивни статистици за застапеноста на погрешни претстави за љубовта кај испитаници со различни типовии на афективна врзаност*

| ТИП НА АФЕКТИВНА ВРЗАНОСТ | M | SD | N |
|---|---|---|---|
| ***Плашлив*** | 20,17 | 4,38 | 41 |
| ***Избегнувачки*** | 18,58 | 2,40 | 12 |
| ***Преокупиран*** | 20,80 | 4,34 | 35 |
| ***Сигурен*** | 18,20 | 4,86 | 34 |
| **Вкупно** | 19,44 | 4,48 | 122 |

Резултатите добиени во ова истражување покажуваат дека типот на афективно врзување не е одлучувачки фактор за застапеноста на погрешни претстави за љубовта кај младите. Прегледот на резултатите прикажани во Табела 1 покажува дека просечниот број на заблуди за љубовта (М) е релативно близок кај сите четири типа на афективно врзување. Притоа, застапеноста на погрешни претстави за љубовта е највисока кај преокупираниот (М=20.80), а најниска кај сигурниот тип на афективна врзаност (М=18.20). Прегледот на бројот на испитаници според категоријата на афективна врзаност, покажува дека најголем број од испитаните субјекти се во категоријата „плашливи“ (N=41), приближно еднакви се категориите „преокупирани“ (N=35) и „сигурни„ (N=34), а најмал број испитаници има во категоријата „избегнувачки“ (N=12).

За утврдување на значајноста на разликите помеѓу добиените аритметички средини за бројот на заблуди кај различните типови на афективно врзување е користен методот на едноставна еднонасочна анализа на варијанса (АНОВА). Резултатите од анализата на варијансата се прикажани во Табела 2.

**Табела 2.** *Резиме на резултатите од анализата на варијансата за бројот на заблуди застапени кај различните обрасци на врзување*

| Извор | SS | df | MS | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| Помеѓу групите | 141,95 | 3 | 47,32 | 2,15 | >0,05 |
| Во групите | 2594,89 | 118 | 21,99 | | |
| Вкупно | 2736,84 | 121 | | | |

Добиената вредност за F (F = 2,15) не ја надминува критичната вредност за соодветниот број на степени на слобода (df = 3 и df = 118) за ниво на значајност p=0,05. Добиените разлики помеѓу аритметичките средини во однос на бројот на заблуди кај испитаниците кои имаат различни типови на афективно врзување не се статистички значајни. Овие резултати не се конзистентни со резултатите добиени во истражувањето на Ѓорѓевиќ (Đorđević, 2005) спроведено на примерок од 120 студенти во Ниш, во кое се добиени значајни разлики во бројот на заблудите кај различните стилови на врзување.

Спроведеново истражување требаше да даде и одговор на прашањето дали кај личности со сигурен тип на афективна врзаност се присутни помал број на погрешни претстави (заблуди) за љубовта? „Сигурните" влегуваат во партнерските врски поподготвени да остварат врска што се базира на доверба и меѓусебно почитување, а истовремено имаат и високо ниво на самопочитување и самодоверба. Според тоа, претпоставивме дека тие во односот кон партнерот градат пореални очекувања и имаат поголемо разбирање како за своето, така и за однесувањето на другиот. Позитивната слика за себе и за другите им овозможува да се поставaт поотворено кон реалната ситуација, фактите од реалноста да ги прифатат побрзо и со поголема сигурност да се справат со нив преку менување на сопственото однесување или со менување на околностите. Сето ова наведува на заклучок дека тие, за разлика од лицата со несигурен тип на врзување, ќе имаат претстава за љубовта која помалку ќе се базира на нереални очекувања, која ќе биде поблиска до реалноста и истовремено пофлексибилна и поотворена кон промени.

Добиените резултати не се во спротивна насока од оваа претпоставка. Од изложеното во Табела 1 може да се забележи дека кај лицата со сигурен образец на афективна врзаност застапеноста на заблуди за љубовта е најниска, а највисока е кај лицата со преокупиран образец на врзување. Овие резултати се конзистентни со резултатите добиени во истражувањето на Ѓорѓевиќ, во кое најниска е застапеноста на заблуди кај „избегнувачките" и „сигурните" а највисока кај „преокупираните". Според тоа, претставите за љубовта се најискривени кај лицата кои имаат негативен модел за себе (на прво место во хиерархијата според просекот на заблуди се „преокупираните", а веднаш по нив се лицата со плашлив образец на врзување).

Еден интересен податок добиен во ова истражување е и тоа дека вкупната аритметичка средина на бројот на заблуди, добиена за целата група испитаници, е доста висока. Имено, според Миливојевиќ бројот на заблуди за љубовта кај повеќето луѓе се движи од 7 до 15. Како може да се објасни високата застапеност на заблуди за љубовта кај младите?

Прво, можно е во одговарањето, испитаните субјекти да не посветиле доволно внимание на упатството. Во него се посочува дека исказите треба да се сфатат во буквална смисла, зборот „љубов" да се сфати како партнерска љубов и да се одговара искрено. Доколку упатството не е следено во однос на било кој од овие три аспекти на одговарањето, можно е добиената слика за испитаникот да се разликува значајно од неговото реално однесување и ставови.

Друго можно објаснување произлегува од самиот начин на задавање на инструментот, односно тестовната ситуација. Испитаниците ги пополнија прашалниците во терминот за предавање, а самото одговарање беше проследено со коментари и помали или поголеми дискусии. Секој испитаник беше подложен и на влијанието на групата или барем на коментарите и одговорите на субјектите во нивна близина. Значи, можно е при одговарањето одредена улога да има и мислењето на другите, потребата за согласност со групата или другите релевантни личности.

Застапеноста на заблудите за љубовта кај сите типови на афективна врзаност кај нашите испитаници го надминува просекот определен од Миливојевиќ.

## РАЗЛИКИ ВО ЗАСТАПЕНОСТА НА ИСКРИВЕНИ ПРЕТСТАВИ (ЗАБЛУДИ) ЗА ЉУБОВТА КАЈ СУБЈЕКТИТЕ ОД МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ

Со цел да се утврди дали постојат разлики во застапеноста на заблуди за љубовта меѓу субјектите од различен пол, направен е t-тест, а резултатите се прикажани во Табела 3.

**Табела 3.** *Дескриптивни статистици и значајност на разлики во застапеноста на заблуди меѓу субјектите од женски и машки пол.*

| | женски | | | машки | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на заблуди | M | SD | N | M | SD | N | t | p |
| | 20,25 | 4,65 | 68 | 18,89 | 4,10 | 54 | 0,38 | >0,05 |

Резултатите изложени во Табела 3 покажуваат дека застапеноста на заблуди за љубовта е нешто повисока кај испитаниците од женски пол, но спроведениот t-тест не ја потврдува добиената разлика како статистички значајна (t=0.38, df=120). Резултатите добиени во ова истражување не ја потврдија очекуваната разлика во однос на застапеноста на погрешни претстави за љубовта во зависност од полот. Овие резултати се конзистентни со резултатите добиени во истражувањето на Ѓорѓевиќ (Đorđević, 2005).

Во поставувањето на оваа хипотеза, се тргна од претпоставката дека полот е релевантен фактор во креирањето на одредена претстава за љубовта. Одредена потврда за оваа претпоставка претставува традиционалното воспитување и различниот третман на машките и женските деца во семејната и општествената средина. Родителите и возрасните, воопшто ја одобруваат и поттикнуваат застапеноста на темата „љубов" во игрите и разговорите на девојчињата, а ним им се наменети и многу приказни со романтична содржина; во своето однесување со машките деца, пак, тие акцентираат некои други содржини и поттикнуваат разговори и игри кои се однесуваат на теми како: храброст, сила, мудрост и сл.

Можеби воспитувањето и третманот на децата од различен пол, повеќе не е толку „традиционално" туку повеќе е индивидуално условено, во зависност од карактерот на детето, неговите интереси, наклоности, карактерот на родителите и сл. Од друга страна, темите во детските игри и разговорите на младите сé повеќе се универзални, заеднички. Двата пола почесто и поотворено комуницираат, а со тоа развиваат и слични претстави и ставови. Не треба да се заборави и влијанието на културата и масовните медиуми, кои имаат силно влијание во животот на младите од двата пола.

Ако се земе предвид и значењето на многу релевантни лични особини, би можело да се каже дека сите овие фактори имаат поголемо влијание во формирањето на претставата за љубовта од страна со влијанието на полот.

**Табела 4.** *Значајност на разлики помеѓу аритметичките средини за погрешните претстави за љубовта кај испитаниците од женски и машки пол*

| Погрешни претстави (заблуди) за љубовта | t-вредност | разликаво прилог на женските | разлика во прилог на машките |
|---|---|---|---|
| Љубовта е најголема вредност на светот | 5,60** | x | |
| Колку љубовта е поголема,толку и љубомората е поголема | 2,25* | x | |
| Вистинската љубов се докажува со жртвување | -2,70** | | x |
| Вистинската љубов содржи моќ за позитивна промена на карактерот на партнерот | 2,53** | x | |
| Сакам сите да ме сакаат | 1,92* | x | |
| Љубовта спрема другиот ја исклучува љубовта спрема себе | 3,00** | x | |
| Љубовта е флуид кој струи меѓу мажот и жената | 2,67** | x | |

Легенда:
* – значајност на ниво 0,05 ($p<0,05$)
** – значајност на ниво 0,01 ($p<0,01$)

Во досегашниот преглед на резултатите беше ргледувана само застапеноста на заблудите како квантитативна вредност кај различни обрасци на врзување и кај двата пола. Но, би било интересно заблудите за љубовта да бидат разгледани и од аспект на нивната содржина. Добиените резултати од t-тестот за значајноста на разликите во застапеноста на некои конкретни заблуди за љубовта кај испитаниците од женски и машки пол се прикажани во Табела 4. Иако t-тестот беше спроведен за сите 40 тврдења, во оваа табела се прикажани само резултатите за тврдењата за кои е утврдена значајност на разлики меѓу испитаниците од различен пол.

Иако генерално не е утврдено постоење на значајни разлики во застапеноста на погрешни претстави за љубовта кај двата пола, сепак, идентификувани се значајни разлики во присутноста на некои конкретни заблуди за љубовта кај машките и женските. Заблудите кои се значително различно застапени кај субјектите од двата пола се прикажани во Табела 4. Кај испитаничките од женски пол значајно поголемо е присуството на заблуди како што се следните: ***Љубовта е најголема вредност на светот*** ($p<0,05$), ***Колку љубовта е поголема толку и љубомората е поголема*** ($p<0.01$), ***Вистинската љубов***

***содржи моќ за позитивна промена на карактерот на партнерот*** ($p<0.01$), ***Сакам сите да ме сакаат*** ($p<0.05$), ***Љубовта спрема другиот ја исклучува љубовта спрема себе*** ($p<0.01$) и ***Љубовта е флуид кој струи меѓу мажот и жената*** ($p<0.01$). Кај машките пак, многу почесто се среќава заблудата дека ***Вистинската љубов се докажува со жртвување*** ($p<0.01$).

Емоциите, сами по себе, како и нивната поврзаност со психичките процеси, значајно го одредуваат квалитетот на човековото живеење. Имајќи го предвид ова, многу современи психолошки теории го нагласуваат значењето на периодот на детството во формирањето на личноста. Една таква теорија, која акцентот го става на формирањето на емоционалните врски во овој период е теоријата на афективна врзаност чиј автор е Џон Болби. Тој го воведе поимот „афективна врзаност" објаснувајќи го како специфичен, нерамноправен однос што во најраното детство се формира помеѓу мајката и детето а трае во текот на целиот живот" (Stefanović-Stanojević, 2005). Аналогно на тоа, Болби го нагласува значењето на раните сепарации, односно нивното негативно влијание врз понатамошниот емоционален развој. Воспоставените емотивни односи во детството имаат големо значење во изградувањето на емотивни односи во возрасниот период. Изградениот тип на афективно врзување го определува однесувањето кон себе и кон другите луѓе така што влијае врз пристапот кон другите, ставот кон емотивните врски и начинот на кој овие врски се формираат и одржуваат.

Внатрешните работни модели се когнитивно-афективни структури кои се развиваат како одраз на бихејвиоралните обрасци, односно шеми на однесување кои детето ги искусува во раното детство. Поради тоа што се базираат на искусените обрасци на интеракција помеѓу личноста која се врзува и лицето за кое се врзува, моделот за себе и моделот за значајни други се комплементарни.

Според теоријата на афективна врзаност, двата споменати работни модели се подложни на промени. Тие промени можат да се јават како последица од развојниот процес и/или пак, како резултат на промена во надворешната ситуација.

*Развојните промени* на работните модели се јавуваат како одговор на барањето за континуирана сигурност. Оваа сигурност би била загрозена кога работниот модел за себе и моделот за значајни други не го следат развојот на физичките, социјалните и когнитивните способности на детето. Така, во текот на растењето се

менуваат ситуациите во кои на детето му е потребна заштита, како и начините на кои родителите нудат заштита.

*Промената во надворешната ситуација* доведува до промена во афективниот квалитет на работниот модел. Афективните промени во работните модели можат да бидат предизвикани од различни фактори. Родителите кои претходно биле доживувани како адекватни, можат да се променат од многу причини (болест, губење на вработувањето, меѓусебни несогласувања и сл.). Тоа ќе придпнесе претходно стекнатата доверба на детето да се разниша, а работните модели да се реконструираат (Bowlby,1973; според Stefanovi -Stanojevi, 2005).

И покрај развојните промени, работните модели не се во постојано менување. Отпорот кон промените се јавува како последица на процесот на асимилација, кој претставува тенденција новите трансакции со луѓето да бидат видени на стариот, веќе воспоставен начин.

(Рецензент: *доц. д-р Елена Ачковска-Лешковска)*

**ЛИТЕРАТУРА**

Đorđević, A.(2005). **Afektivna vezanost i predstave o ljubavi**. Niš: Filozofski fakultet (Diplomski rad).

Fromm, E. (1985). **Umiječe ljubavi**. Zagreb: Naprijed http:/www.sfu.ca/psyc/faculty/bartholomew/prototypes/htm

Milivojević, Z.(2004). **Emocije; psihoterapija i razumevanje emocija**. Novi Sad: Prometej.

Milivojević, Z. (2005). **Formule ljubavi: kako ne upropastiti sopstveni život tražeči pravu ljubav**. Novi Sad: Prometej.

Панева, В. (2006). **Зависност на претставите за љубов од типовите на афективна врзаност кај студенти од Филозофскиот факултет.** Дипломски труд. Филозофски факултет, Скопје.

Rot, N. (1978). **Socijalna interakcija: komunikacija, opažanje osoba, naklonost i nenaklonost**. Beograd: Društvo psihologa SR Srbije.

Stefanović-Stanojević, T. (2005). **Emocionalni razvoj ličnosti**. Niœ: Filozofski fakultet: Prosveta.

Violeta ARNAUDOVA

## THE INFLUENCE THAT THE TYPE OF AFFECTIVE RELATIONSHIPS AND SEXES HAVE ON THE VIEWS ON LOVE

### Abstract

*The results given from the research, which was conducted in order to establish whether there are significant differences on the views on love, are represented in this paper work. The groups of people taking part in this research were divided according to the type of affective relation in order to establish whether differences exist on these views, according to the sex. The research was conducted on 122 people (68 female and 54 male) at the age between 18 and 27 years, all students at the Faculty of Philosophy. The target group was given a* ***„Questionnaires on evaluation of the partnership affective relation“*** *by Bartholomew and Shejver and* ***„The test on complexity of the views of real partner's love“*** *by Milivojevik. The results given have shown that there are no big differences between the students on the different types of affective relations. The presence of wrong views on love is somewhat the same in the secure as well as in the insecure types of relations. Between the two sexes (female and male) there are no significant differences in the views of love.*

***Keywords***: *ATTACHMENT, FEARFUL, DISMISSING, SECURITY, PREOCCUPATION.*